1000 Скопје, ул. Фредерик Шопен 2/9; тел/факс. +389(0)23 239 239

www.balkanbiocert.mk ; email: balkanbiosert@mt.net.mk

# Стандардни процедури за контрола и сертификација на органски производи

Стандардните процедури на Балкан Биосерт Подружница Скопје вклучуваат:

## 1. Пријавување

По приемот на писмено или усно барање за користење на услугите на Балкан Биосерт Подружница Скопје, добавувачот добива подробно објаснување на условите и во случај на посебен интерес, дополнителен пакет информации, кој содржи рекламен леток, стандардни процедури за контрола и сертификација и образец за пријавување (апликација).

Добавувачот поднесува пополнет образец за пријавување 5.1.001 до Балкан Биосерт Подружница Скопје заедно со било каква дополнителна информација што смета дека е од важност за постапката за сертификација. На база на вкупните добиени информации, Балкан Биосерт Подружница Скопје подготвува понуда за цената и неопходното време за контрола и сертификација на фармата/компанијата.

Доколку добавувачот ја прифаќа прдложената процедура и цена, се потпишува договор, се плаќа авансно еден дел од цената и се определува датум и програма за контрола.

## 2. Контрола

Како стандардна постапка, контролата се спроведува еднаш годишно. Добавувачот се известува за датумот на контролата вообичаено 5 дена пред контролата.

Со цел да спроведе ефикасна и стручна контрола, добавувачот е обврзан да се подготви за посетата на најдобар можен начин. Надлежните луѓе мора да се присутни, сета документација подготвена, а потребниот превоз добро организиран.

Физичката контрола ги исполнува минимум барањата за контрола, како што е опишано во ACB стандардот на ЕУ за Органско производство и преработка за трети замји еквивалентен со Европската регулатива EEZ 834/2007 i 889/2008 МК Закон за органско производство Сл.весник 146 од 07.12.2009
како и Правилниците кои од него произлегуваат. Контролата се состои од неколку постапки чијшто редослсед се одредува на првичниот состанок помеѓу контролорот и добавувачот, а кои вклучуваат проверка на документацијата и физичка контрола на фармата/компанијата. Резултат од извршената контрола е Извештајот од контролата за утврдената моментална состојба на фармата/комапнијата.

Балкан Биосерт Подружница Скопје има право на ненајавени проверки на лице место и дополнителни контроли, вообичаено за да се контролира одреден дел од фармата/компанијата или пак сосредоточувајќи се на претходно најдени несоодветствија.

## 3. Сертификација

Сертификациското решение ќе се заснова на извештајот од контрола во кој се наведени наодите од контрола. Доколку фармата/компанијата бара сертификат за извоз, контролорот дополнително ќе подготви посебен извештај од контрола кој ќе го достави до Балкан Биосерт Подружница Скопје.

Сертификациското решение се подготвува и предлага на Главниот Управител од авторизиран персонал на Балкан Биосерт Подружница Скопје, кој што има поминато претходни обуки и е одобрен како сертификатор и кој што не учествувал во контролата на добавувачот за кој се носи сертификациско решение.
Таму каде што има несоодветствија, сертификаторот предлага санкции (услови за сертификација) на добавувачот. Конечната одлука за сертификација, условите и санкциите ја донесува Главниот Управител.

Добавувачот ќе добие сертификат, извештај од контролата и посебно сертификационо писмо во кое се наведени резултатите од контрола, можните услови и санкции, и се назначени роковите за отстранување на изнајдените неусогласености.

Последната страница од сертификационото писмо кое го содржи делот „Потврда" мора да биде потпишана од страна на добавувачот и да се врати на Балкан Биосерт Подружница Скопје во рок од 14 дена  заедно со стандарден план за отстранување на неусогласеностите. Со потпишување на сертификационото писмо, добавувачот ја потврдува својата согласност со наведените услови и се обврзува истите да ги исполни.

Главните предуслови за сертификација може да се резимираат на следниов начин:

1. Потпишан договор за контрола и сертификација.

Позитивен извештај и одлука од Комитетот за сертификација за усогласеност со побарувањата на ACB стандардот на ЕУ за Органско производство и преработка за трети замји еквивалентен со Европската регулатива EEZ 834/2007 i 889/2008
МК Закон за органско производство Сл.весник 146 од 07.12.2009

2. Конечната одлука донесена од Главниот управител
3. Платена сумата за контрола и сертификација доставена во понудата од Балкан Биосерт Подружница Скопје.